Australian Government
Department of Health, Disability and Ageing



# Места за луѓе: вградување избор во резиденцијалната нега на стари луѓе

## Австралиската влада прави измени во резиденцијалната нега на стари лица, за вие да имате поголем избор.

Подготвуваме нов систем за резиденцијална нега на стари лица со кој места се доделуваат директно на постарите луѓе кои живеат во Австралија. Кога новиот Aged Care Act [Закон за нега на стари лица] ќе стапи на сила на 1-ви ноември 2025 година, измените ќе значат дека:

- луѓето на кои им е потребна резиденцијална нега ќе имаат поголем избор да добиваат нега од давател на услуги кој најдобро ги задоволува нивните потреби
- луѓето ќе добиваат едноставни информации за да донесуваат поинформирани одлуки за нивната нега
- давателите на услуги ќе имаат мотив да даваат висококвалитетна нега и поиновативни модели на нега
- давателите ќе можат да понудат повеќе услуги на повеќе локации со помал административен товар.

## Постари луѓе кои сега живеат во институција за резиденцијална нега

Ако веќе живеете во дом за резиденцијална нега, не треба да правите ништо за да се подготвите за оваа измена.

Главната разлика што ќе ја видите кога места ќе им бидат доделени на луѓето е што ќе ви биде полесно да преминете во нов старски дом по ваш избор, ако сакате. Владата ќе продолжи во ваше име директно да го финансира старскиот дом што сте го избрале.

## Постари луѓе кои планираат одење во институција за резиденцијална нега

Додека новиот закон да стапи на сила, начинот на кој имате пристап на резиденцијална нега ќе остане ист. Ако размислувате за одење во дом за резиденцијална нега:

- најнапред Aged Care Assessment Team [Тим за процена на нега на стари лица] мора да ви направи процена и да добиете одобрение за резиденцијална нега
- откако тоа ќе биде одобрено, вие може да најдете и да добивате резиденцијална нега од давател на услуги кој има слободно место.

## Наоѓање помош

Ние ќе бидеме тука за да ве поддржиме и да ви помогнеме на вас и на вашето семејство да разберете што овие измени значат и кои опции ви се достапни.

Исто така подготвуваме повеќе информации за достапните даватели на нега на стари лица кои можат да ви помогнат да направите подобар и поинформиран избор за тоа каде да добивате нега што ви одговара. Тоа вклучува објавување Star Ratings [на оценки со ѕвездички] на даватели на резиденцијална нега, заедно со потранспарентни информации за сместувањето.

My Aged Care е исто така тука за да ви помогне.

- Посетете ја веб-страницата My Aged Care за информации како да добиете услуги на нега на стари лица.
- Барање за процена може да поднесете по интернет и да побарате локални даватели на нега на стари лица кои ги задоволуваат вашите потреби.
- Може да се јавите на **1800 200 422** од понеделник до петок, од 8 наутро до 8 навечер, и во сабота од 10 наутро до 2 попладне.

## Бидете информирани

Посетете ја нашата веб-страница за повеќе информации и новости на Места за луѓе - Вградување избор во резиденцијалната нега на стари луѓе.

- Пријавете се да го добивате *EngAged*, нашиот месечен билтен за постари луѓе: health.gov.au/aged-care-newsletter-subscribe.
- Посетете Aged Care Engagement Hub за да дознаете за најнови можности за консултации и исходи: AgedCareEngagement.health.gov.au/get-involved.

## Започнете разговор за негата на стари лица

Трансформирање на законите за негата на стари лица за правата на постарите луѓе да бидат ставени на прво место.

Посетете **MyAgedCare.gov.au**

Телефонирајте на **1800 200 422** (бесплатна телефонска линија на My Aged Care)

За усно и писмено преведување јавете се на 131 450 и побарајте да ве поврзат со 1800 318 209. За да користите National Relay Service, одете на nrschat.nrscall.gov.au/nrs за да ја одберете вашата претпочитана точка на пристап на нивната веб-страница, или јавете се на NRS Helpdesk на 1800 555 660.